совет за етика во
медиумите на македонија

Датум:

10.03.2015г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Јане Димески за текстот со наслов - ФОТО: "Заев е предавник кој треба да заврши во Идризово", објавен на 02.02.2015 година на веб - порталот Курир.**

**Ж А Л Б А Т А  Е  О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10, 13 и 15.

Член 10.

*"Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)"*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Член 15.

*"Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста"*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 03.02.2015 година, лицето Јане Димески поднесе жалба за текстот со наслов "ФОТО: Заев е предавник кој треба да заврши во Идризово", објавен на Интернет порталот Курир на 02.02.2015 година. Жалителот наведува дека текстот содржи говор на омраза и кон жалбата приложи активен линк од оспорениот текст.

Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, веднаш по приемот на жалбата ја препрати до интернет порталот Курир со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. До седницата на Комисијата за жалби при СЕММ порталот Курир не достави одговор на наводите на жалителот.

На седницата на 09.03.2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Јане Димески и направи увид во наведениот текст.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

Притоа, Комисијата за жалби констатираше дека во текстот станува збор за нарушување на трите члена од Кодексот на новинарите на Македонија, односно членовите 10, 13 и 15.

Комисијата за жалби најде дека во текстот со наслов „ФОТО: Заев е предавник кој треба да заврши во Идризово" медиумот и новинарот објавиле материјал кој е спротивен на член 10 од Кодексот, односно Комисијата за жалби најде дека обжалениот текст би можело да предизвика непријателство или омраза кон некого поради неговата политичка припадност. Обврска на новинарите и медиумите е да ги заштитат поединците и групите од неправда и дискриминација изврштени од страна на јавни органи и институции, од приватни претпријатија или од кој било друг. Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за

јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омраза е неспоив со новинарската етика.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во конкретниот текст не се прави разлика меѓу факт и мислење, меѓу вест и коментар. Точно е дека новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот, за да се избегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Комисијата за жалби утврди дека новинарот во конкретниот текст не ја негува културата на говорот и етиката и дека непримерно комуницира со јавноста, што е неспоиво со новинарската професија. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која и се обраќа. Новинарот не треба да користи непримерни, вознемирувачки или порнографски содржини во својата работа. Овој принцип, секако, не би требало да го детерминира или ограничи на каков било начин правото на авторот да го избере својот сопствен стил на изразување, се додека тој не е навредлив и непримерен за публиката.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски и Мери Јордановска.

**Се обврзува Курир, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски